Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1154/12
датум 05-07-2024

# ИЗВЕШТАЈ
## од извршен надзор во Основниот кривичен суд Скопје

Комисијата за надзор над функционалноста над АКМИС формирана од Министерот за правда на ден 19.04.2024 година во 09.15 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1154/3 од 26.03.2024 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети во Основниот кривичен суд Скопје. Во претходно доставено писмо до судот, беше побарано за увидот да биде обезбедена документација цитирана во писмениот допис.

Надзорот започна во канцеларијата на Судскиот администратор Дејан Нешовски, во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Во текот на надзорот беа присутни вработените Ѓурѓена Костадиновска и Фросина Ивановска од Одделението за аналитика во рамки на Кабинетот на претседателот на судот.

Од увидот во списите и исказите на судскиот администратор, нагласена е потребата за пополнување на судиските места и судската служба со цел ефикасно работење на судот. Во судот се пополнети 319 работни места, од вкупно 615 работни места кои се предвидени со систематизацијата. Во судот има 43 судии (заедно со претседателот на судот). Иако во 2023 година биле избрани 10 судии, 6 судии веднаш биле делегирани во други судови, а една од судиите користела породилно отсуство. Во текот на 2024 година се очекува да се испразнат уште две судиски места, поради пензионирање на судиите. Во судот има 25 вработени на определено време од кои 11 судски соработници, 5 службеници, 4 дактилографи и 3 хигеничари. Во 2022 година биле вработени 4 судски соработници, а во 2023 година двајца судски соработници. Од јануари во тековната година испразнети биле пет работни места на дактилографи. Во Годишниот план за вработување за 2024 година планирани се вработувања на 25 лица кои моментално се вработени на определено време во судот. Судскиот администратор особено го истакна проблемот со вработување на информатичар со соодветно високо образование, бидејќи одливот на овој кадар на информатичари од судот и неуспешниот распишан оглас за вработување на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

информатичар на кој не се јавил ниту еден кандидат, довеле до постојната алармантна состојба да биде прераспореден информатички техничар без соодветно образование.

Техничкото лице определено за информатичар целосно одговори на поставените прашања и барања на комисијата, но *Комисијата констатира дека недозволиво е овие функции да ги извршува лице без соодветна стручна подготовка, што доведува до висок ризик на работата на судот. Оваа пракса е воочена кај повеќе судови.*

ПРЕПОРАКА 1

Од наведените причини, Комисијата предлага надлежните институции итно да пристапат кон надминување на високиот ризик за функционалноста на АКМИС и работата на судот. Неатрактивноста на платите предвидени за информатичарите и другите стручни лица мора биде надмината, преку измена на Законот за судска служба, измена на систематизација во судовите и обезбедување на доволно финансиски средства за овие вработувања. Со оглед на значењето на месната и стварна надлежноста на Основниот кривичен суд во Скопје како специјализиран суд во областа на организираниот криминал и корупција на целата територија на државата, посебно барање од судот да биде поднесено до Судскиот буџетски совет, Министерството за финансии, Министерството за правда, Владата и Собранието на Република Северна Македонија, за да се надмине оваа критична и алармантна состојба.

Истовремено, препораката за овозможување на законско решение за независен судски буџет, кој единствено судовите ќе го креираат, управуваат и одлучуваат за распоредување на потребните финансиски средства соодветно на потребите на судовите, ќе овозможи целосна функционалност на судскиот апарат и судската власт. Министерството за финансии, Владата и Собранието не се надлежните органи да одлучуваат и одобруваат финансиски средства за потребите на судовите, тие единствено можат да бидат известени и да ја спроведуваат одлуката на судовите за потребата и распределбата на финансиските средства обезбедени со 0.8 % од БДП согласно Законот за судскиот буџет. Оваа пракса функционира за буџетот на законодавната власт (Собранието). Единствено на овој начин целосно ќе се овозможи функционалноста на независноста на судството, бидејќи ќе овозможи вработување на соодветен стручен кадар, особено во делот за информатичката работа во судот, подобрување на условите за работа на судовите, овозможување на нова техничка и технолошка опрема која нема да зависи само од надворешни


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

странски донации. Фазата на дигитализација која забрзано треба да се спроведе во пракса налага да се достави предлог и до Советот за ИКТ при донесување на новата Стратегија за ИКТ за правосудство.

ПРЕПОРАКА 2

Имајќи го во превид малиот број на пополнети судиски места во судот и фактот дека во текот на наредната година ќе се испразнат уште две судиски места заради пензионирање, се препорачува Судскиот совет да изврши избор на судии во овој суд со цел совладување на обемот на предмети во работа во судот.

Судскиот администратор извести за новонастаната пракса со паркинг просторот позади зградата на Кривичниот суд, за што иницираше потреба од координација со Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција.

Во архивата на судот тековно се излачуваат предмети и нема застој во архивирањето на предметите.

**1. Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 и 2023 година**

Одлука за формирање на работно тело за управување со движењето на предметите во судот се носи секоја година заради персонални измени 02 СУ бр.31/22 од 10.03.2022 година и 02 СУ бр.18/23-III од 22.02.2023 година.

**2. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии за 2022 и 2023 година, дали истите се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е прибавено мислење од седница на судии и достава до сите судии**

Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две години, беа дадени на увид. Истите се донесени до 31 декември претходната година со запазена процедура односно на седница на судии со прибавено мислење од сите судии, за што е изготвен записник.

Истите се заведени под следните броеви: 02 СУбр.191/21 од 22.12.2021 година и 02 СУ бр.166/22 од 27.12.2022 година.

Во кривичниот суд не се врши измена на годишниот распоред.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

3. **Внатрешни процедури за привилегии во АМИС за 2022 и 2023 година**

Внатрешните процедури за управување со движењето на предметите во судот се донесени во склоп на Годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и истите се заведени под 02 Су бр. 4/2022-II од 22.02.2022 година и 02 Су бр.18/2023- II од 22.02.2022 година.

4. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022 и 2023 година**

Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување за создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување застој на движењето на предметите во судот, за контролираниот период се донесени и заведени под 02 Су бр. 4/2022-II од 22.02.2022 година и 02 Су бр.18/2023-II од 22.02.2022 година.

5. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот за 2022 и 2023 година**

Секој судски оддел има одговорен судски службеник кој ја следи работата во одделот и доколку се појави некој проблем се известува одговорниот судија, администраторот и претседателот на судот и проблемот се решава на седница на Работното тело во судот.

6. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво**

Претседателот на судот одржува редовни седници со судиите и текот на истите се заведуваат во Су уписник (пр. 03 Су.бр.103/23 од 28.02.2023 година).

7. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот**

Во судот редовно се одржуваат седници на судски оддели за кои се изготвуваат записници и истите се доставуваат до претседателот на судот.

8. **Извештаи на повисокиот суд за работата на основниот суд за 2022 и 2023 година**

Апелациониот суд Скопје извршил работна посета во Основниот кривичен суд на ден 07.03.2023 година, за што една година подоцна бил изготвен Извештај СУ -03 - 353/22 од 15.03.2024 година и истиот бил доставен до основниот суд на ден 02.04.2024 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
1828

**9. Месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување**

Месечните извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, се изработени и доставени до претседателот на судот. Извршен увид во Извештај за месец декември 2022 година заведен под заведен под 07 СУ бр.193/22 –XI од 18.01.2023 година и Извештај за месец декември 2023 година 07 Су.бр.335/23-X од 18.01.2024 година.

**10. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за контролираниот период**

Правосилните судски одлуки редовно се објавуваат на веб-страницата на судот за контролираниот период, односно биле објавени вкупно 5257 одлуки, од кои 1913 одлуки за 2022 година и 3344 одлуки за 2023 година.

**11. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2022 и 2023 година**

Во судот се изработуваат месечни распореди и времетраење на дежурста, за време на судската ферија и истите се евидентирани во АКМИС : Распореди на дежурни судии во Оддел на малолетници 03 Су.бр.40/22-2 од 04.04.2022 и Су.бр.3/23-5 од 31.05.2023, Распореди на дежурни судии кои постапуваат по прекршочни предмети од областа на сообраќајот 03 Су.бр.42/22 од 31.01.2022 година, Распоред на дежурство на судии, записничари, возачи и службеници на Оддел за претходна постапка и истрага во Одделение за организиран криминал и корупција и во Одделение за претходна постапка општ криминал 03 Су бр.93/22-6 од 01.10.2022 година, 03 СУ бр.93/22-6 од 01.10.2022 година и 03 Су бр.34/23-11 од 24.11.2023 година. Распоредите за дежурства судот ги доставува до ОЈО Скопје и МВР Скопје.

**12. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период**

Список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период се изработени и заведени под Су.07.бр.186/22 од 18.02.2022 година и Су-07 бр.337/23. Секој вработен се најавува со свое корисничко име и лозинка.

Во судот донесена е и Процедура за доделување на кориснички привилегии за овластените лица кои вршат обработка на лични податоци заведена под 03 СУ бр.338/21 од 12.08.2021 година.

### 13. Канцеларија за односи со јавноста

Формирана е Канцеларија за односи со јавноста, за која е задолжен Дејан Ристовски – раководител за односи со јавноста.

### 14. Формиран оддел за судска пракса во судот

Со Годишниот распоред се определени судии за следење на судската пракса.

### 15. На кој начин судот најмалку еднаш годишно ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите.

Судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите, преку соопштенија на веб страната поврзани со сите предмети, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечните, кварталните и годишните извештаи на веб страната, брифинзи на претседателот со медиумите и редовна комуникација на портпаролот со медиуми, невладини организации и меѓународни организации.

### 16. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети

Со Одлука 07.Су.бр.65/23 од 25.01.2023 година за администратор на АКМИС-от е определен Никола Настевски.

Автоматска распределба, како и прераспределба се врши од стана на водителот на уписник на секој оддел.

### 17. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица

Формирана е служба за информатика како посебна организациона единица, на ниво на одделение. Во судот има двајца информатичари со звање самостоен судски референт. Во контролираниот период 2022 – 2023 година двајца информатичари си заминале и досега биле објавени два огласи за информатичари кои завршиле неуспешно, односно немало пријавен ниту еден кандидат.

*Оваа состојба се сретнува во речиси секој контролиран суд заради што е неопходно системско решавање на проблемот – види препорака 1 во извештајот.*


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**18. Организирани обуки на судски службеници за користење на АКМИС**

Не се одржуваат организирани обуки за работење во АКМИС системот. Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот. Беше истакнато дека има потреба од официјален правилник/упатство за нововработените за тоа како правилно се работи во АКМИС, за секоја корисничка улога во системот одделно.

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2022 и 2023 година**

Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши врз основа на законските основи со образложена одлука за причините за исклучување на судијата од распределба на предмети. За време на годишните одмори судска ферија судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба, освен за итните притворски предмети.

**20. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 и 2023 година.**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со решение со кое се уважува изземањето доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува следниот судија утврден со автоматска распределба. (Изз.бр.78/22 од 20.12.2022 година, Изз.бр.65/22 од 17.11.2022 година)

ПРЕПОРАКА 3

**Се препорачува во диспозитивот на решенијата за изземање на судии да стои формулацијата "повторна автоматска распределба".**

Во Основниот кривичен суд Скопје, спецификата на работата на овој специјализиран суд доведува до состојба со голем број на исклучувања и вклучувања при распределбата и прераспределбите на предметите. Иако во судот за секое исклучување и вклучување постои одлука врз основа на која се врши тоа во АКМИС, нагласена е потребата за креирање на поинакво информатичко решение кое нема да доведува до оптоварување на судот. Имено, постапувањето на итните притворски предмети и други околности што доведуваат до потребата од вклучување и исклучување на судии, за кои се донесени соодветни акти заведени во АКМИС може да создаде погрешен впечаток и сомнеж за влијание на „случајниот избор на судија".


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Истовремено, претседателот на судот е должен да донесува годишно по повеќе од 200 одлуки со кои е извршена прераспределбата заради постоење на различни околности, врз основа на закон и Судскиот деловник. На овој начин, надзорот над функционалноста на системот е исто така отежнат.

При разгледувањето на неколку случаи, селектирани по случаен избор беше направен увид во следните предмети: Изз.бр.66/22 од 21.11.2022 година, Изз.бр.77/22 од 19.12.2022 година, Изз.бр.79/23 од 12.12.2023 година, Изз.бр.77/23 од 07.12.2023 година и Изз.бр.73/23 од 24.11.2023 година .

ПРЕПОРАКА 4

**До ИКТ Советот и до Работното тело за стандардизација во Врховниот суд да се достави предлог за овозможување на распределбата соодветно на спецификите на овој суд.**

**21. План за годишен одмор на судиите за 2022 и 2023 година**

Во судот не се носи План за годишен одмор на судиите. Судскиот администратор појасни, дека судиите на седница се договараат за користење на годишните одмори.

**22. Број и вид на судски оддели**

Во судот со Годишниот распоред за работа се формирани:

- Одделение за организиран криминал и корупција ,
- Оддел –кривично полнолетни,
- Оддел за претходна постапка и истрага во Одделението за организиран криминал и корупција и во кривичен оддел полнолетни,
- Оддел за извршување на санкции,
- Оддел – малолетнички криминалитет – деца
- Оддел за прекршоци.

**23. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судскиот совет на РСМ кој треба да содржи и анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети.**

До Судскиот совет се доставуваат статистички извештаи со анализа на начинот на решавање на решените предмети и тоа месечни, квартални и годишни извештаи.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**24. Судскиот администратор дали извршил распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство**

Судскиот администратор извршил распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство со Распоред на судски службеници за 2022 година 07 Су.бр.21/22 од 21.01.2022 година и Распоред на судски службеници за 2023 година 07 Су.бр.193/23 – II од 10.03.2023 година

**25. Огласна табла на судот**

Судот има огласна табла која е поставена на видливо место.

**25. Простории за судии поротници и адвокати**

Во судот нема просторија за адвокати и судии поротници.

**26. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основен кривичен суд Скопје. Бевме информирани дека во 2023 година се доставени два нови сервери и еден сториџ кои целосно ги задоволува потребите во судот. Последна набавка на 30 нови персонални компјутери е направена во 2022 година.

Во поглед на информатичка опрема судот има потреба од набавка на нови печатари, скенери и персонални компјутери.

Од доставениот преглед беше забележано дена судот сеуште чува огромна количина на стара нефункционална информатичка опрема која би требало да биде предадена како електронски отпад.

Судот располага со 24 судници во главната зграда и дополнителни 6 судници во старата зграда на судот. Од нив вкупно 23 судници се опремени со опрема за аудио снимање. Апликацијата за тонско снимање нема одржување веќе две години, а и сегашното решение овозможува единствено локално снимање на записот. Информатичарот од судот истакна дека има потреба од ново софтверско решение кое ќе овозможи чување на записи на сервер.

**27. Сите одлуки на рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2022 и 2023 година**

Во судот нема одлуки за рачна распределба.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2022 и 2023 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: ЕК, ЗАВ, ЗАВ-Х, ЗАВ-С, ИСАМ-Д, ИКП, КУИКМ, ИОИП, ИПРК, ИДС, КСМ, КМ, УОСК, К-ПП, ОИД, КУИКП, ППОВ, КП, КПМ, ПК, ПРК-М, ПСО1, КРМ, ПРК-Р.
Претседателот на судот постапува по овие уписници СУ, СУ-ИЗЗ, УПП, СПИ.
Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.

Забележани се по две распределби на ист датум во уписници, на пример 18.01.2022 година, 26.01.2022 година, 17.02.2022 година, 18.03.2022 година. Ова се практикува само заради итноста на предмети, како што се притвори, продолжување на притвор од претходна постапка, странци во постапка и слично.

Исто така, забележани се исклучување и вклучување на судија на ист ден 21.01.2022 година, 17.06.2022 година, 10.08.2022 година, 11.05.2023 година, 02.10.2023 година
Овие исклучување се заради претходно донесени одлуки од претседателот на судот за формирање на Кривични совети за постапување по предмети оформени по Закон за амнестија, 02.Су.бр.43/23 од 27.03.2023 година, и исклучување на судии поради користење на денови од годишнен одмор од итни и притворки прдмети 02.Су.бр.1/22-14 од 18.04.2022 година, 02.Су.бр.1/22-28 од 16.06.2022 година и 02.Су.бр.1/22-68 од 09.08.2022 година, како и поради боледување на судии 02.Су.бр.1/22-6 од 20.01.2022 година, 02.Су.бр.1/23-88 од 21.08.2023 година, и заминување во пензија 02.Су.бр.1/23-91 од 30.08.2023 година.

**29. Скенирање на влезни документи**

Судот врши скенирање на влезни документи во сите оддели освен во оддел за малолетници и претходна постапка. Со оглед на фактот дека судот не располага со доволен број на скенери се скенираат само иницијалните акти, жалби, акти за на Врховен суд.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**30. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш. Распределбата и прераспределбата ја вршат водителите на уписник, по еден водител на уписник во секој оддел. На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

**31. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**32. Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основен кривичен суд Скопје сите уписници се водат електронски, освен уписникот Су-05 кој се води и во хартиена форма.

Увидот кој започна на 19.04.2024 година продолжи и на 17.05.2024 во 10:30 часот.

Заврши на ден 17.05.2024 во 13:00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk